РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2471/4
05-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-тата седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2471/1 од 12.09.2025 година, оформен врз основа на поднесена пријава против Меѓуопштинско јавно претпријатие „---------“ - -------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2471/1 од 12.09.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 12.09.2025 година, поднесена е пријава со наводи против Меѓуопштинско јавно претпријатие „-------“ – ------- и оформен е предмет број 12-2471/1 од 12.09.2025 година.

Имено, во пријавата се наведува дека во село ------ – ------- од страна на Меѓуопштинско јавно претпријатие „--------“ - -------, на потрошувачите им се доставуваат фактури за услуга користење на канализационата мрежа, како и за користење на колекторскиот систем, односно се посочува дека за иста услуга потрошувачите плаќат два пати.

Заради утврдување на фактичката состојба по пријавените наводи, ДКСК достави барање до ЈП „---------“ – ------- за доставување на информации поврзани со фактурирање за иста услуга два пати.

Јавното претпријатие „---------“ – -------- во законски определениот рок ја достави бараната информација од која може да се утврди дека ова претпријатие на потрошувачите од населеното место --------- им фактурирал услуга за волуметриски надомест за собирање и одведување на отпадни води – користење на канализациона мрежа, односно доставува фактура само за услугата за дистрибуирање на канализација до колекторскиот систем.
За услугата за користење и одржување на колекторски систем за истата не се фактурира од страна на Јавното претпријатие „-----------“ – --------, бидејќи не е нивна законска надлежност, туку на Јавното претпријатие ----------, кое доставува фактури за одржување на колекторскиот систем.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик – претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор